Мреже НС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бул. Гоце Делчев Б.Б.
(Македонска Радио Телевизија - МРТВ, 10-ти кат), 1000 Скопје
+389 (0)2 3114596

АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 09 - 146/3
17. 02. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar: | 18 -02- 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 14 | 2936/1 | | |

До:
Национален совет за високо образование и научно истражувачка дејност на РСМ - Скопје
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54,

ПРЕДМЕТ: Проследување на шест месечен извештај за работата на Одборот за евалуација на високото образование

Почитувани,

Во прилог ви доставуваме шест месечен извештај за работата на Одборот за евалуација на високото образование за период од 01.07.2025 до 31.12.2025 година.

Со почит,

изработил: Милена Ефремовска
одобрил: Севгил Муртези

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Национален совет за високо образование и научно истражувачка дејност
Këshilli kombëtar për arsim të lartë dhe veprimtari shkencore
Бр./Nr. 1410-58
19.02 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДИРЕКТОР,
Доц. д-р Христина Серафимовска

27.01.2026

# Извештај за работата на Одборот за евалуација на високото образование за периодот 01.07.2025 – 31.12.2025

09 146/1

| 1. Правна рамка |
|---|
| • Одборот за евалуација (ОЕ) врз основа на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82. од 08.05.2018), Деловникот за работа на Одборот за евалуација и Извештајот на комисиите за евалуација на високообразовните установи, ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа.<br>• Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата.<br>• Предлага Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование.<br>• Дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.<br>• Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.<br>• Врши и други работи утврдени со Закон.<br>• Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Образецот за извештајот го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование. |
| 2. Состав на Одборот за евалуација |
| **Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција:**<br>проф. д-р Димитар Ташковски, проф. д-р Мила Арапчевска, Проф. д-р Ебрар Ибраими, проф. д-р Срѓан Миќиќ, проф. д-р Климе Белевски, проф.д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова<br>**Шест члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Северна Македонија:**<br>проф. д-р Татјана Стојановска Иванова, проф. д-р Христина Спасевска, проф. д-р Сахмедин Сали, проф. д-р Арианит Река и проф д-р Тони Ристески.<br>Проф. д-р Ирина Јолдеска поднесе неотповиклива оставка во месец октомври. Нов член се уште не е назначен.<br>**Еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачи:**<br>Светлана Ристовска Антиќ (Организација на работодавачи во Македонија).<br>**Еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите:**<br>Академик Владо Камбовски.<br>**Еден член избран од редот на студентите избран од Интеруниверзитетска** |

| |
|---|
| **конференција:**<br>Стефани Андреска Богданоска |
| 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| Професорот Мишо Докмановиќ беше ангажиран за организација и реализација на обуката за странските експерти и за членовите на Одборот за евалуација. |
| 4. Краток преглед за општата оценка за периодот 01/07/2025-31/12/2025 |
| Главните активности во извештајниот период беа насочени кон реализација на надворешна евалуација на седум високообразовни установи (ВОУ) во Република Северна Македонија: Економски факултет – Универзитет „Гоце Делчев", Бизнис академија Смилевски (БАС), Економски факултет – АУЕ ФОН, Факултет за туризам – Универзитет Скопје, Економски факултет – Меѓународен универзитет во Струга, Правен факултет – Меѓународен универзитет „Визион" – Гостивар и Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија – МИТ Универзитет.<br><br>Посетите на високообразовните установи беа реализирани во месеците ноември и декември. На седници на Одборот во месец декември беа разгледани извештаите од две стручни комисии. Иако сѐ уште не е извршена подетална анализа, генералното мислење на претседателите на комисиите е дека ангажираните експерти биле високо компетентни, добро подготвени и професионални во спроведувањето на евалуациите, што овозможи процесите да се реализираат без забелешки.<br><br>Треба да се истакне дека, и покрај ограничените човечки ресурси со кои располага АКВО, организацијата на посетите беше спроведена на високо ниво. Ова е резултат на исклучителното залагање на претседателот на Одборот за евалуација, претседателите и членовите на комисиите, како и директорката и стручните служби на АКВО. Дополнително, прикажаното гостопримство од страна на високообразовните установи придонесе експертите да бидат целосно задоволни од текот на евалуацискиот процес.<br><br>Во месец октомври 2025 година, Одборот за евалуација го усвои Годишниот план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи во Република Северна Македонија за периодот септември 2025 – август 2026. Со Планот е предвидено спроведување на надворешна евалуација на околу 40 високообразовни установи, што, имајќи ги предвид условите во кои делува Одборот, претставува значителен организациски и кадровски предизвик.<br><br>Во таа насока, Одборот за евалуација уште еднаш ја нагласува потребата од зајакнување на АКВО со соодветен административен кадар кој ќе обезбеди континуирана поддршка на Одборот во процесот на реализација на надворешните евалуации. Ова се идентификува како еден од клучните приоритети за следниот период.<br><br>Врз основа на усвоениот Годишен план и расположливите странски експерти, Одборот за евалуација усвои експертски комисии за спроведување на надворешна евалуација на 12 високообразовни установи: Факултет за информатика, Универзитет Скопје – Скопје, Факултет за информатика, Универзитет Мајка Тереза, Факултет за дентална медицина, Европски Универзитет, Факултет за дентална медицина, Меѓународен Балкански Универзитет, Факултет за хуманистички науки, Универзитет Мајка Тереза, Факултет за странски јазици, Американ Колеџ, Факултет за бизнис и економија, Универзитет на Југоисточна Европа, Економски Факултет, Европски Универзитет, Приватна високообразовна установа за бизнис-студии „Еуро колеџ" – Куманово, Педагошки факултет, Универзитет во Тетово, Факултет за општествени науки, Меѓународен Универзитет „Визион – Гостивар", Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин" – Свети Николе. Високообразовните установи се веќе информирани за формираните комисии, а се очекува надворешните евалуации да се реализираат во месеците март и април.<br><br>Во месец ноември беше успешно организирана и реализирана обука од страна на проф. д-р Мишо Докмановиќ. На обуката присуствуваа 10 странски експерти, како и двајца нови членови на Одборот за евалуација |

5. Краток преглед за наредниот период 01/07/2025 – 31/12/2025

Главните активности во наредниот период ќе бидат насочени кон спроведување на евалуацијата на веќе селектираните ВОУ, кои се очекува да ги достават извештаите за самоевалуација до крајот на месец јануари, како и кон селекција и евалуација на нови ВОУ. Во таа насока, планирани се следните активности:

- Објавување на јавниот повик за избор на странски експерти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи и студиски програми во РС Македонија за 2026 година, како и јавниот повик за избор на студенти кои ќе учествуваат во овој процес (јануари 2026)
- Посета на 12 високообразовни установи од страна на стручните комисии до крајот на месец април 2026 (март-април 2026)
- Пишување извештаи и давање оценка за извршената надворешна евалуација од страна на стручните комисии, како и поднесување на извештаите на усвојување од страна на Одборот за евалуација на високото образование (мај 2025).
- Формирање на стручни комисии за спроведување на надворешна евалуација на нови 12 високообразовни установи во РС Македонија (февруари 2025).
- Известување и посети на единиците кои ќе бидат предмет на надворешна евалуација, со цел да се подготват за претстојниот процес (март 2025).
- Спроведување на обука за членовите на ОЕ и странските експерти за процесот на надворешна евалуација на високо образование во РС Македонија (март 2025).
- Посета на вторите 12 високообразовни установи од страна на стручните комисии до крајот на месец јуни 2026 (мај-јуни 2026)
- Анализа на процесот и донесување препораки за негово подобрување, доколку се утврди потреба.
- Континуирана соработка со релевантните чинители кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на високото образование.

6. Организација на работата

Организацијата на работата на Одборот за евалуација е подетално регулирана со Деловникот за работа. Во изминатиот шестмесечен период, Одборот за евалуација одржа вкупно 9 редовни седници, како и неколку дополнителни седници на комисии и работни групи, формирани според потребите. Тековните активности на Одборот за евалуација се прикажани хронолошки во продолжение, согласно дневниот ред на одржаните седници во периодот од 1 јули до 31 декември 2025 година.

**27 Седница** Одборот го разгледа извештајот на Комисијата за оценка на исполнетоста на условите на кандидатите пријавени на конкурсите за избор на странски експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во РС Македонија. Вкупно беа поднесени 36 апликации, од кои една со некомплетна документација. По извршената проверка, беше утврдено дека условите ги исполнуваат 9 кандидати, меѓу кои и двајца од областа на медицинските науки, со што се создадени услови за формирање стручни комисии за надворешна евалуација и во ова подрачје..

**28 Седница** На седницата беше разгледан и усвоен Извештајот за работа на Одборот за периодот 1.1.2025 – 30.6.2025.

Дополнително, беа предложени термини за реализација на посетите на високообразовните установи, со цел навремено контактирање на странските експерти и успешна организација и спроведување на процесот на надворешна евалуација.

**29 Седница** Во периодот помеѓу двете седници, остварени се контакти со членовите на комисиите, при што дел од странските експерти се изјаснија дека нема да можат да учествуваат поради краткиот период за подготовка и претходно преземени ангажмани.

Поради тоа, беше констатирана потреба од измени во составот на комисиите, при што беа предложените промени во составот на комисиите кои беа едногласно прифатени од членовите на Одборот.

Повторно беше укажано дека според постојната формула за исплата на членовите на комисиите, тешко ќе може целосно да се покријат трошоците за реализација на евалуацијата. Согласно договореното, дел од трошоците ќе бидат покриени од факултетите, а преостанатиот дел од АКВО. Исто така, беше нагласена потребата од обезбедување соодветна административна поддршка, при што администрацијата ќе воспостави директна комуникација со универзитетите и факултетите за ефикасна организација и координација на процесот на надворешна евалуација.

Исто така, на седницата беше дискутиран и планот за работа на Одборот за 2025/26 година. Првичната анализа покажа дека во овој циклус може да се обезбедат комисии за високообразовни установи од техничко-технолошкото и медицинското подрачје. Во таа насока, беше формирана комисија задолжена за подготовка на предлог-планот за работа на Одборот за евалуација за академската 2025/26 година.

**30 Седница** Членовите на Одборот за евалуација го разгледаа предложениот план за работа на Одборот за 2025/26 година, подготвен од формираната комисија, и констатираа дека истиот е амбициозен и дека неговата реализација ќе биде отежната без соодветна логистичка поддршка од АКВО. Поради тоа, беше предложено да се упати допис до АКВО со барање за обезбедување координатори по подрачја, кои ќе претставуваат врска меѓу комисиите за евалуација и институциите предмет на евалуација. Дополнително, беше истакната потребата од обезбедување соодветен буџет за спроведување на процесот на надворешна евалуација.

**31 Седница** Извршени беа неколку измени во составот на комисиите за надворешна евалуација поради неотповиклива оставка на една од членовите на Одборот за евалуација, како и поради професионални ангажмани на дел од странските експерти. Истовремено, беа потврдени термините за посета на сите седум високообразовни установи на кои треба да се реализира процесот на надворешна евалуација.

**32 Седница** Претседателите на комисиите за првите две спроведени надворешни евалуации накратко ги презентираа своите искуства од процесот на евалуација. Во рамки на дискусијата, членовите на Одборот за евалуација истакнаа дека постои потреба од бројни измени и дополнувања на Правилникот за надворешна евалуација, кои треба да му бидат предложени на новиот Национален совет, како надлежен орган за негово донесување.

**33 Седница** Поради професионален ангажман на еден од членовите на комисиите за вршење на надворешна евалуација на Правниот факултет при Меѓународниот универзитет „Визион" – Гостивар и на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитетот, беше именуван нов член во стручната комисија за вршење на надворешна евалуација.

**34 Седница**. Беше разгледан Извештајот за надворешна евалуација на Факултетот за туризам при Универзитетот Скопје – Скопје, подготвен од стручната комисија. Претседателот на комисијата го презентираше извештајот и информираше дека како прва реализирана надворешна евалуација, целосно била исполнета предложената агенда и биле опфатени сите пропишани услови. Во извештајот се нотирани одредени недостатоци кои треба да се коригираат, но во целина оценката е позитивна. Дополнително, беше истакнато дека составот на комисијата бил соодветен и дека странските експерти поседуваат добро познавање на процесот на надворешна евалуација, при што процесот бил спроведен без забелешки.

На седницата беа разгледани можни комисии за следните надворешни евалуации.

**35 Седница** Беше разгледан Извештајот за надворешна евалуација на Факултетот за економски науки при Меѓународниот универзитет во Струга, подготвен од стручната комисија. Претседателот на комисијата го презентираше извештајот и информираше дека е утврдено присуство на бројни недостатоци, при што најголем дел од стандардите

| |
|---|
| за квалитет не се исполнети согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. Согласно заклучоците од извештајот, се предлага да се одземе акредитацијата на Факултетот за економски науки и на шесте студиски програми (три на прв циклус и три на втор циклус на студии).<br><br>На седницата беа усвоени нови стручни комисии за надворешна евалуација на 12 високообразовни установи. |
| 7. Преглед на финансиското работење |
| Финансиското работење на ОЕ е регулирано со Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа. Оваа одлука е донесена од Владата на Република Северна Македонија и е објавена во Службен весник на РСМ, бр. 269/21 од 03.12.2021 година.<br><br>Во овој извештаен период, финансиското работење на Одборот се однесува на исплата на редовни месечни надоместоци за членовите на Одборот, како и на покривање на трошоци за транспорт и сместување на ангажираните странски експерти.<br><br>Во извештајниот период беа одржани вкупно 9 седници, при што вкупниот износ предвиден за исплата на надоместоци на членовите на Одборот за евалуација изнесува 343.500 денари.<br><br>За реализација на првите седум надворешни евалуации беа ангажирани 12 експерти, од кои 6 експерти спроведоа по две евалуации. За авио-билети за странските експерти беа реализирани патни трошоци во вкупен износ од 318.226,00 денари.<br><br>Дополнително, за сместување на двајца експерти за првите две евалуации беа исплатени 60.775,00. денари, додека трошоците за сместување за останатите евалуации сè уште не се реализирани и ќе бидат предмет на исплата во наредниот извештаен период. |
| 8. Разгледувани и усвоени прописи |
| Одборот за евалуација континуирано го разгледува Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. Врз основа на искуствата од првите спроведени надворешни евалуации, подготвени се одредени предлози за негово унапредување, со цел зголемување на ефикасноста и подобрување на процесот на надворешна евалуација. Овие предлози ќе бидат доставени до Националниот совет, како надлежен орган за нивно разгледување и усвојување, веднаш по неговото формирање. |
| 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015 |
| Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој на предлог на Одборот за евалуација го донесе Националниот совет е целосно усогласен со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015). Овој правен акт е основа за вршење на надворешна и внатрешна евалуација на високообразовните установи во РС Македонија, во кој поблиску се опишани стандардите и насоките за спроведување на евалуацијата. |
| 10. Систем за обезбедување на квалитет |
| 10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет |
| Согласно член 21 од Деловникот за работа, Одборот за евалуација на високото образование врши самоевалуација на својата работа на секои две години. Следствено, самоевалуација на работата на ОЕ ќе се спроведе во почетокот на 2026 година |
| 10.2 Надворешна проверка на работата |
| Процесот на надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација, додека не се |

| |
|---|
| предвиди поинаку, се врши на овој начин со изготвување на полугодишни извештаи за работата на Одборот, кои се доставуваат до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. РСМ сеуште е придружна членка на ENQA, а со полноправното учество на нашата држава во оваа европска асоцијација, обврската за надворешна проверка на работата на Одборот, ќе се реализира согласно европските стандарди и регулативи. |
| 11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продолжување на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација има доставено еден предлог за продолжување на акредитација на студиски програми до Одборот за акредитација во овој извештаен период. |
| 12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема доставено предлози за одземање на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација. |
| 13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема дадено оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност на ВОУ во Република Северна Македонија. |
| 14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот на ВОУ во овој извештаен период. |
| 15. Оценка за релеватноста и квалитетот на научните истражувања |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за релевантноста и квалитетот на научните истражувања во овој извештаен период, |
| 16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови на високообразовните установи. |
| 17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма. Причините се наведени во континуитет, во погоре наведените точки. |
| 18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети |
| Во извештајниот период, не се разгледувани и анализирани постапките за самоевалуација и студентските анкети. |
| 19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа |
| Во извештајниот период не се дадени конкретни препораки по извршена евалуација. |
| 20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи |
| Во извештајниот период не е дадена оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите |

| |
|---|
| кои ги применуваат високообразовните или научните установи |
| 21. Разгледувани жалби и постапките по нив |
| Во Одборот за евалуација во изминатиот период не се водени постапки по жалби. |

| |
|---|
| 22. Обуки за членовите на Одборот |
| Во извештајниот период се реализираше обука за два нови члена на Одборот за евалуација. |
| 23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| Во извештајниот период се реализираше обука за 10 нови надворешни експерти. |
| 24. Учества на конференции/состаноци |
| / |
| 25. Посети на делегации |
| / |
| 26. Остварена соработка |
| / |
| 27. Издавачка дејност |
| / |
| 28. Состојба со мрежната страница на Одборот |
| Службата на АКВО е одговорна за одржување на веб-страницата http://www.akvo.mk. По краток прекин, веб-страницата повторно е функционална и на неа се објавуваат сите потребни информации за работата на Одборот. |
| 29. Разгледувани документи и тематски анализи |
| / |
| |
| Претседател на Одборот за евалуација |
| |
| Скопје 23.01.2026 Проф. д-р Димитар Ташковски |
| |